ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:14-214/5**

**Дата:** 28.02.2012

**ДО**
**ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА - ЛП**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2010 година на Либерална партија на Македонија - ЛП (во натамошниот текст ЛП) на сметката за редовно работење.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност (сметка за редовно работење) на политичката партија Либерална партија на Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е воздржување од давање мислење за финансискиот извештај – биланс на состојба, мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот резултат за финансискиот извештај – биланс на приходи и расходи, како и мислење со резерва за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2010 година ревизијата констатира меѓу другото и неискажување на материјалните средства и опремата со кои располага партијата и неспроведување на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба.
Ревизијата истакнува постоење на системски слабости во делот на:

- распределба на средствата кои имаат третман на јавно финансирање на политичките партии;
- отсуство на пропишан подзаконски акт за формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот на донации;

- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти кои го уредуваат обликот и содржината на финансиските извештаи за непрофитните организации;
- отсуство на изработени пречистени закони;

Извршивме обелоденување во делот на непрактикување на уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу коалиционите партнери; за висината на наплатените средства на име членарина како и за прифатените корекции кои имаат влијание на билансот на состојба.

Законскиот застапник на партијата на ден 02.02.2012 година достави до Државниот завод за ревизија известување дека нема забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор и воедно достави четири интерни акти на партијата со кои се уредуваат одредени состојби во работењето на партијата.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 13 до 14 заедно со ревизија на усогласеност на финансиските извештаи за редовно работење на ЛП, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија, Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија и член 26 од Законот за финансирање на политичките партии.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Либерална партија на Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на партијата од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Борче Стојановски, претседател на ЛП заклучно со 02.04.2011 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на ЛП се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и

проценка на ризикот од неусогласеност.

Во известувачкиот период одговорните лица на Либерална партија на Македонија не преземале активности за евидентирање на материјалните средства и опремата, вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба што предизвика ревизијата да се воздржи од давање мислење за финансискиот извештај – биланс на состојба.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Во известувачкиот период одговорните лица на Либерална партија на Македонија не преземале активности за евидентирање на материјалните средства и опремата, вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба што предизвика ревизијата да се воздржи од давање мислење за финансискиот извештај – биланс на состојба.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.09.2011-07.09.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на ЛП – предмет на ревизија, одржан на ден 14.12.2011 година.

Законскиот застапник на партијата на ден 02.02.2012 година достави до Државниот завод за ревизија известување дека нема забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор и воедно достави четири интерни акти на партијата со кои се уредуваат одредени состојби во работењето на партијата.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Со одредбите на член 26 и 27-а од Законот за финансирање на политичките партии е уредено дека Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај, политичката партија е должна јавно да го објави на веб страницата на политичката партија, најмалку во еден од дневните весници и во Службен весник на Република Македонија (Годишниот извештај). На ревизијата не и се презентирани податоци за објавување на Годишната сметка согласно утврдените барања додека за Годишниот извештај не е презентиран податок за негово објавување во Службен весник. Наведената состојба влијае на можноста до пристап на информациите кои ги дава истиот од страна на заинтересираните страни.

Со одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии (член 7 и 9), обврската за објавување на Годишната сметка и Годишниот извештај во најмалку еден од дневните весници и во Службен весник на Република Македонија е укината, поради што за овој дел од утврдената состојба ревизијата не дава препорака.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата по завршување на известувачкиот период и изготвување на Годишната сметка да ја објави на веб сајтот на партијата и обезбеди податоците на соодветен начин да бидат достапни на пошироката јавност.

3.1.2. На ревизијата не и се презентирани податоци дека Годишната сметка за финансиското работење за 2010 година е доставена до Министерството за финансии. Наведената состојба не е во согласност со одредбите на член 26 од Законот за финансирање на политичките партии и влијае на достапноста на информациите до надлежните органи. Со одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии (член 7), обврската за доставување на Годишната сметка до Министерството за финансии е укината поради што ревизијата не дава препорака за утврдената состојба.

**Коментар на субјектот**

Годишната сметка за редовното работење на партијата вообичаено ја доставуваме до сите надлежни органи вклучувајќи го и Министерството за финансии, но од извршената достава немаме доказ со што би го потврдиле нашето постапување.

3.1.3. Лицето задолжено за водење на деловните книги не воспоставило пракса за искажување на материјалните средства и опрема со кои располага партијата. Во исто време ревизијата истакнува дека не е извршен попис на материјалните средства и опрема со кои располага партијата. Утврдените состојби не се во согласност со Законот за сметководство за непрофитните организации и Правилникот за сметководство за непрофитни организации и влијаат на можноста на потврдување на комплетноста на презентираните информации во билансот на состојба и квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

**Препорака**

Надлежните органи на партијата да определат лица кои ќе извршат попис на средствата и обврските на партијата а лицето одговорно за водење на деловните книги да изврши евидентирање на материјалните средства и опремата.

3.1.4. Во известувачкиот период лицето задолжено за водење на деловните книги не обезбедило доследно почитување на признавање на приходите според модифицираното сметководствено начело. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за сметководство за непрофитни организации и предизвикува помалку искажани приходи од позајмици.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да укаже на лицето за водење на деловните книги да обезбеди доследна имплементација на модифицираното сметководствено начело.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точката 3.1. е:

- необјавување на годишната сметка и годишниот извештај согласно утврдените барања;
- недоставување на годишната сметка до Министерството за финансии;
- неспроведување на попис и неискажување на материјални средства и опрема со кои располага партијата;
- несоодветно признавање на приходите според модифицираното сметководствено начело.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење – за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1.3., ние не изразуваме мислење за финансискиот извештај – билансот на состојба на Либерална партија на Македонија на ден 31 декември 2010 година.

Според наше мислење освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.1.4., финансискиот извештај – биланс на приходи и расходи за 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината се вистинито и објективно искажани, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење – за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.1., активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи на ЛП, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Јавните извори на финансирање на политичките партии се уредени со одредбите од член 8 до член 12 од Законот за финансирање на политичките партии (“Службен весник на Република Македонија“ број 76/04; 86/08; 161/08 и 96/09) и Упатството за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии (“Службен весник на Република Македонија“ број 59/05; 73/07; 52/10) како и Решението за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2010 година за финансирање на политичките партии донесено од Министерство за финансии број 07-13441/1 од 20.04.2010 година. Имајќи ги предвид одредбите од законските и подзаконските акти за начинот на финансирање на политичките партии и расположливите податоци добиени со ревизијата, утврдено е следното:

- постојат разлики во начинот на распределба на средствата за финансирање на политичките партии од Буџетот на Република Македонија утврдени во Законот за финансирање на политичките партии и Упатството за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии, поради што Уставниот суд на Република Македонија во 2011 година донесе Одлука У.бр.16/2011 од 21.09.2011 година (Службен весник на РМ бр. 132/11), со која се укинаа неколку одредби од Упатството;
- во текот на извршувањето на ревизијата од страна на ревизорите доставено е писмено барање до Министерство за финансии со цел да се добијат податоци за висината на планирани и исплатени средства за финансирање на политичките партии од Буџетот на Република Македонија за 2009 и 2010 година, согласно одредбите од Законот за финансирање на политичките партии. До завршувањето на ревизијата вакви податоци не се добиени;
- донесеното Решение за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2010 година за финансирање на политичките партии не овозможува јасен приказ за начинот на кој е извршена распределбата на средствата меѓу партиите;
- во точка 7 од Решението за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2010 година за финансирање на политичките партии е наведено дека носителот на коалицијата се задолжува средствата кои отпаѓаат на коалицијата да ги распредели на коалиционите партнери сразмерно на бројот на нивните советници, додека според Законот за финансирање на политичките партии средствата меѓу нив се делат на еднакви делови, освен ако спогодбено партиите поинаку не се договорат и
- ЛП не е наведена во Решението за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2010 година за финансирање на политичките партии донесено од Министерство за финансии број 07-13441/1 од 20.04.2010 година;
- на ЛП не и се исплатени средства од Буџетот на Република Македонија за 2010 година.

Ревизијата упатува на потребата од воспоставување на едноставен и точен систем за утврдување на паричните средства за финансирање на политичките партии и транспарентен начин на нивна распределба.

5.2. Согласно одредбите на член 17 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/04; 86/08; 161/08; 96/09), политичките партии се задолжени да водат регистар на донации и истиот да го објават на својата веб страна и во најмалку еден од дневните весници. Со став три од наведениот член е уредено дека „Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник од

страна на министерот за финансии. Со правилникот се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации. Правилникот се донесува во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон[1]„. До денот на известувањето за извршената ревизија наведениот правилник не е донесен од страна на надлежниот министер. За потврдување на утврдената состојба ревизијата се обрати со писмо до надлежното министерство, но по истото не е добиен повратен одговор.

За надминување на утврдената состојба потребно е надлежниот министер да преземе активности за пропишување на наведениот правилник и негово објавување во Службен весник на Република Македонија.

Утврдената состојба предизвикува политичката партија да изврши прилагодување на потребните информации за обезбедените донации и истите да не ги објави на својата веб страна и во најмалку во еден од дневните весници[2].

5.3. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во членот 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2003) и членот 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2003, 8/2009, 12/2009) уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции[3]“.

[1] Законот за финансирање на политичките партии влегува во сила на ден 03.11.2004 година, со тоа што наведениот правилник било потребно да биде донесен најкасно до 03.05.2005 година;

[2] Со одредбите на член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии ("Службен весник на РМ" број 148 од 21.10.2011 година) укината е обврската политичките партии Регистарот на донации да го објавуваат во најмалку еден од дневните весници односно партиите имаат обврска Регистарот на донации јавно на својата веб страна да го објават и на друг соодветен начин да го направат достапен на јавноста

[3] Приходите на непрофитните организации, се сметаат како расположливи кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или остварени (наплатени) во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 јануари во наредната година под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Расходите на непрофитните организации се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале, односно до 31 декември во тековната деловна година доколку се платени во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно до 31

Со извршениот увид во: Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/05; 11/06) и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/2005), ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции[4] кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа“. За надминување на утврдената состојба надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции “.

5.4. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/2004, 5/2007, 8/2007 и 7/2008) вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон објавени во „Службен весник на Република Македонија“ број 57/2007 и 60/2007). Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените теми.

---

јануари во наредната година под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

[4] 406-Амортизација; 480-Вонредни-невообичаени ставки на трошоци кои не произлегуваат од вообичаените (редовни) активности и кои не се очекуваат дека ќе се појават; 481-Вонредни отписи и отуѓување на средства кои настанале неочекувано и со висока вредност; 482-Загуби поради оштетување на голем дел од средствата или поради природна катастрофа; итн.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на погоренаведените законски акти.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност

6.1. На ревизијата и е презентирана Изјава од 04.05.2011 година за настапување како коалиција на изборите за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија без притоа да ги уредат меѓусебните права и обврски од аспект на начинот на распределба на средствата добиени од Буџетот на Република Македонија кои се однесуваат на:

- надоместување на трошоците за изборите и
- надоместување на средствата за годишно финансирање на политичките партии.

Ваквата состојба предизвикува отсуство на конкретни критериуми на начинот на распределба на средствата помеѓу коалиционите партнери а пред се доследна примена на членот 11 и членот 12 од Законот за финансирање на политичките партии кои упатуваат на "поделба на еднакви делови помеѓу коалиционите партнери освен ако партиите со предизборен договор поинаку не се договориле".

Ваквата состојба упатува на потребата на коалиционите партнери своите права и обврски да ги уредат со предизборен договор со што ќе се надминат погоре наведените состојби а воедно ќе го олеснат и постапувањето на надлежното министерство.

Во ноември 2011 година склучена е спогодба за распределба на средства за финансирање на политичките партии кои учествуваат како коалиција предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и имаат пратеници во Собранието на Република Македонија, што преставува постапување по дадената препорака на ревизијата и имплементација на одредбите од Законот за финансирање на политичките партии.

6.2. Со одредбите на член 13 став 1 алинеа 1 и член 14 од Законот за финансирање на политичките партии утврдени се приватните извори на финансирање на политичките партии меѓу кои е и финансирањето по основ на членарина, како редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата. Врз основа на наведениот закон и Статутот на ЛП, Извршниот комитет на ден 25.12.2007 година, донел Одлука за финансирање на Либералната партија на Македонија од членарина, според која секој член (освен доколку со одлуката не е предвидено поинаку) на ЛП плаќа членарина еднократно, на годишно ниво, за тековната година, во износ различен во зависност од тоа дали се работи за членови кои не извршуваат должности во ЛП или по предлог на ЛП или се работи за членови кои извршуваат должности во ОО-ЛП, Општината, ЛП или на

државно ниво. Висината на наплатените средства на име членарина влијаат на можноста на обезбедување на стабилни и задоволувачки извори на финансирање на партијата.

6.3. Со одредбите на дел 1 "јавни извори на финансирање на политичките партии" и дел 2 "приватни извори на финансирање на политичките партии" од Законот за финансирање на политичките партии се уредени изворите на финансирање на политичките партии. Во членот 20 од наведениот закон е наведено од што не може да се финансираат политичките партии меѓу кои не е изричито наведено или забрането позајмувањето на средства од членовите на партијата. Во известувачкиот период партијата позајмува 416 илјади денари од членови на партијата. Имајќи ја во предвид погоренаведената состојба каде позајмиците ниту се забранети ниту се дозволени како можен извор на финансирање и констатациите дека:

- согласно одредбите на Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации, во делот на класите краткорочни обврски и пасивни пресметковни сметки и извори на средства, пропишани се сметки обврски за краткорочни кредити, депозити и заеми и долгорочни кредити од банките во земјата;
- во Годишниот финансиски извештај пропишан со Правилникот за образецот, формата, содржината и начинот на водење на Годишниот финансиски извештај за политичките партии под реден број 41 утврдена е позиција „камати на кредити и заеми";
- во образецот за финансискиот извештај – биланс на состојба за непрофитните организации, каде во делот на долгорочни обврски е наведена позицијата долгорочни кредити од банки во земјата,

се наметнува потребата од усогласување на законските и подзаконските акти во делот на изворите на финансирање и нивното презентирање во финансиските извештаи.

6.4. Во текот на ревизијата од страна на партијата извршени се корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикуваат промени во активата на финансискиот извештај - биланс на состојба, спроведени во налог број 15 од 07.12.2011 година со кој се врши затворање на искажаната загуба во износ од 450 илјади денари и зголемување на активните временски разграничувања за истиот износ. Наведената корекција е резултат на несоодветно признавање на земените позајмици (неискажување на истите како приход) и исплатата на средствата во готово (износ од 63 илјади денари) и нивно искажување на сметката обврски за краткорочни кредити, депозити и заеми.

Скопје, 27.02.2012 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од членарини, подароци и донации и приходи од други извори | 136 | 224 |
| Други приходи | 450 | 800 |
| Пренесен дел од вишок на приходи од претходната година | - | 35 |
| **Вкупно приходи** | **586** | **1.059** |
| **Расходи** | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 470 | 721 |
| Други расходи | 109 | 338 |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 7 | - |
| **Вкупно расходи** | **586** | **1.059** |
| **Нето вишок на приходи над расходи** | - | - |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | - | 5 |
| Активни временски разграничувања | 646 | - |
| **Вкупно тековни средства** | 646 | 5 |
| **Постојани средства** | | |
| Непокриени расходи - загуба од тековна година | - | - |
| **Вкупно постојани средства** | - | - |
| **Вкупна актива** | 646 | 5 |
| **Пасива** | | |
| **Краткорочни обврски** | | |
| Добавувачи | 196 | 5 |
| Обврски спрема државата и други институции | 1 | - |
| Краткорочни финансиски обврски | 449 | - |
| **Вкупни краткорочни обврски** | 646 | 5 |
| **Вкупна пасива** | 646 | 5 |

**ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Булевар "Васко Карангелески" бб, Скопје,
Телефон/факс: 02/ 2464 955, 2464 956
info@lp.org.mk

www.lp.org.mk

ЛПМ
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Примено: 02.02.2012
Орг. единица ... Вредност
14-214/4

ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
Број: 0302 - 20/2
Датум: 30 јануари 2012 година
Скопје

ДО
М-р ТАЊА ТАНЕВСКА
Главен државен ревизор

*ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА*
*Улица „Македонија" број 12/3, Скопје*

**ПРЕДМЕТ:** **Одговор на Ваш допис број 14-214/2 од 18 јануари 2012,**
Архивски број на ЛП: 0302-20 од 24 јануари 2012

Почитувана г-ѓо Таневска,

По приемот на Нацрт-извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година на Либералната партија на Македонија 2011 04 10 од јануари 2012 (во понатамошниот текст: Нацрт-Извештајот) и Менаџерскиот извештај (приложен кон Нацрт-извештајот), **со овој допис сакам да Ве известам дека Либералната партија на Македонија (ЛП) нема забелешки по Нацрт-извештајот, односно сметаме дека истиот е коректен.**

Оттука, **ја користам оваа можност да Ви се заблагодарам за темелниот извештај** кој ќе ни помогне **материјално-финансиското работење на ЛП да биде усогласено со позитивната регулатива**, што е должност и на ЛП и на сите правни и физички лица и секако е во прилог на владеењето на правото во Република Македонија.

Водејќи се од наведеното, **ЛП започна да постапува по утврдените препораки** во Нацрт-извештајот и **Извршниот комитет на ЛП, како надлежен орган согласно Статутот, веќе ги донесе одлуките за определување касов максимум, за користење на сопствено возило за службени цели, за надомест на трошоци за јавен превоз за службени цели и за надомест на трошоци за телефонски ваучери** што Ви се доставуваат во прилог на овој допис.

Секако, **останатите препораки ќе бидат имплементирани** со воспоставувањето пракса на изготвување и одобрување на соодветните документи, спроведување на соодветните книжења и усогласување на деловните книги и финансиските извештаи **согласно препораките од Нацрт-извештајот.**

Во очекување на Извештајот во конечна форма,

Со почит,

ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Ивон Величковски